# ЗАПИСНИК

## од 13-та седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС

Скопје, 17 март, 2017 г.

**ЗАПИСНИК**
од 13-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 17 март, 2017 г.

**Присутни**: **Коце Трајановски**, Претседател на ЗЕЛС, Градоначалник на Град Скопје, **Зоран Дамјановски,** Потпретседател на ЗЕЛС и Градоначалник на општина Куманово**, Мукрем Мехмеди,** Градоначалник на општина Маврово- Ростуше**, Тони Коцевски**, Градоначалник на општина Јегуновце, **Тони Трајковски**, Градоначалник на општина Гази Баба, **Азем Садики,** Градоначалник на општина Студеничани, **Славчо Чадиев,** Градоначалник на општина Велес**, Марјан Ристески**, Градоначалник на општина Прилеп, **Никола Бакрачески**, градоначалник на општина Охрид, **Љупчо Колев**, Градоначалник на општина Босилово, **Анастасија Олумчева**, Градоначалник на општина Богданци, **Зоран Тасев,** Градоначалник на општина Свети Николе, **Билјана Беличанец Алексиќ**, Градоначалник на општина Кисела Вода, **Дарко Митевски**, Градоначалник на општина Македонска Каменица, **Хисен Цемаили**, Претседател на совет на општина Тетово и Потпретседател на Комитетот на советите при ЗЕЛС, **Александар Арсиќ**, Претседател на совет на општина Куманово и Потпретседател на Комитетот на советите при ЗЕЛС.

**ДИСКУСИЈА**:

Управниот одбор едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од претходната седница на Управниот одбор;
2. Разгледување на мислењето на Министерството за правда и Министерството за локална самоуправа на Р.М. во врска со прашањето за времетраењето на мандатите на избраните градоначалници и членови на Совети на единиците на локалната самоуправа;
3. Одлука за одржување на деветата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
4. Усвојување на содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Комората на архитекти и инжињери на Р.М.;
5. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Усвојување на Записникот од претходната седница на Управниот одбор;

Записникот до членовите е испратен по електронска форма. Присутните немаа забелешка и Записникот од претходната 12-та седница е едногласно усвоен.

ВТОРА ТОЧКА: Разгледување на мислењето на Министерството за правда и Министерството за локална самоуправа на Р.М. во врска со прашањето за времетраењето на мандатите на избраните градоначалници и членови на Совети на единиците на локалната самоуправа;

Доставеното известување од  Министерството за локална самоуправа на Р.М, се однесува на прашањето за времетраењето на мандатите на избраните градоначалници и членови на советите на единиците на локалната самоуправа, во услови кога не беа распишани локалните избори, во законски предвидениот рок.

Во пристигнатото известување пишува: Имајќи го во предвид мислењето на Министерството за правда бр. 23-1141/2 од 15.03.2017 година во однос на конкретното прашање, како надлежно министерство за вршење на работите што се однесуваат на изборниот систем, а со цел заштита на правото на граѓаните на локалната самоуправа преку обезбедување на континуирано вршење на локалната власт, како една од главните основи на секое демократско  уредување, и како уставно право, ве известуваме дека согласно мислењето под наведениот број и дата, постојните членови на советите на општините и постојните градоначалници можат да ги извршуваат своите, со Закон,  утврдени надлежности до завршувањето на рокот определен од членот 16 став (1) од Изборниот законик, односно до крајот на првата половина на месец мај .

ЗАКЛУЧОК: Се поддржува доставеното мислење од страна на Министерството за локална самоуправа, за траење на мандатите на градоначалниците и советниците до 15 мај, 2017 година, при што беше упатен апел за обезбедување на услови за побрзо распишување на локалните избори,  бидејќи во спротивно ќе настане состојба кога општините и институциите кои се под општинска надлежност: училишта, градинки, културни установи, јавни претпријатија, противопожарни единици не ќе можат да ги извршуваат своите надлежности.

ТРЕТА ТОЧКА: Утврдување на датум за одржување на деветата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

ОДЛУКА: Деветата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС се закажува за 24.04.2017 година (понеделник) со почеток во 12 часот, во Прилеп.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Усвојување на содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Комората на архитекти и инжињери на Р.М.;

Меморандумот се однесува на развој и соработка во делот на издавањето на одобренијата за градење и останати параметри на инженерската и градежна дејност во Република Македонија.

Присутните се согласија на воспоставување на ваква соработка притоа потребно е да се провери дали вклучувањето на Комората во информацискиот систем за е-дозволи во еден од чекорите ќе значи зголемување на времетраењето на постапката и други технички специфики, кои ЗЕЛС треба да ги утврди.

ЗАКЛУЧОК**:** Едногласно беше усвоена содржината на на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Комората на архитекти и инжињери на Р.М.

ТОЧКА РАЗНО:

По оваа точка членовите на УО немаа дополнителни предлози.

**Скопје, 17 март, 2017 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**